СЕКТОР ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ
07.08.2025
**АРХИВСКИ БРОЈ 04-10037/133**

Врз основа на Член 22 став (1) алинеја (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 143/2019 и 14/2020), член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ„ бр.62/2005,106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009, 149/2009, 50/2010, 52/2010, 124/2010, 47/2011, 11/2012, 39/2012, 13/2013, 25/2013, 170/2013, 187/2013, 113/2014, 20/2015, 33/2015, 72/2015, 129/2015, 27/2016, 120/2018 и „Службен весник на РСМ „бр.110/2019, 267/2020, 151/2021 и 288/2021) и член 11 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 05/2016, 142/2016, 02/2017 и 11/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на еден (1) извршител кандидат за вработување на определено време**

1. За работното место број. **16. УПР0101В04000 Помлад соработник за селективна обработа на податоците во регистрите на министерството во Подрачна Единица Гостивар – Сектор за организација и координација на подрачни единици** при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство се избира кандидатот **АЛЕКСАНДАР ТОДОРОСКИ.**
2. Именуваниот-ата ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука, по конечноста на одлуката, за што Министерот ќе донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука влегува во сила по конечност на истата.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време до 31.12.2025 година формирана со Решение број 04-10206/10 од 01.08.2025 година донесено од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, по Јавниот оглас за вработување на определено време број 01/2025 објавен на 29.07.2025 година во дневните весници Слободен печат и Коха за горенаведеното работното место спроведе селекција и интервју за избор на кандидат за наведеното работно место.

Комисијата за спроведување на процесот на селекција на кандидати за засновање на работен однос на определено време изготви Записник од извршена селекција од јавниот оглас број 01/2025 за вработување на определено време број 04-10037/76 од 06.08.2025 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 01/2025 заради спроведување на интервју број 04-10037/77 од 06.08.2025 година и Предлог-одлука за избор на кандидати број 04-10037/78 од 06.08.2025 година, врз основа на што Државниот секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поднесе тужба пред основен граѓански суд Скопје во рок од 15 дена сметано од денот на приемот на одлуката.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**Борче Серафимовски**

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Именуваниот
- Сектор за човечки ресурси
- Агенција за вработување